РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**ДКСК** **KSHPK**

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2991/3
26-07-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на осмата седница одржана на ден 24.07.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-3952/1 од 09.10.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-3952/1 од 09.10.2021 година.
Предметот со број 08-3952/1 од 09.10.2021 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-3952/1 од 09.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива. Од увидот во Службен весник на РСМ број 147/21, ДКСК утврди дека лицето ______________________ на ден 22.06.2021 година е именувана на функцијата член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП ___________________________________________________.
Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека именуваната, во законски предвидениот рок по именување на функцијата, не поднела анкетен лист до ДКСК. Од наведеното произлегува дека ____________________________ сторила прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи во предвид дека не е преземено процесно дејствие за гонење на сторителот на прекршокот во рок од две години од денот на сторување на прекршокот, согласно член 41 став 1 од Законот за прекршоците, во конкретниот случај настаната е застареност за поведување и водење на прекршочна постапка.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч., раководител на одделение
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk